## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Седумнаесеттото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,2 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги да седнете на своите места.

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранинето на Република Македонија.

Пратениците, Љубисав Иванов Ѕинго, Андреј Жерновски, Али Ахмети, Азис Положани, Славица Грковска, Илинка Митрева, Фијат Цановски, Оливер Шамбевски, Благој Зашов, Тито Петковски, Абдуљади Вејсели, Сафет Незири, Блерим Беџети и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со 23-тата точка.

Треба да пристапиме со гласање по амандманот.

Пред да пристапиме кон гласање, би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Бидејќи во салата немаме доволен број на пратеници за да пристапиме кон гласањето, а во исто време седница има Законодавно-правната комисија, давам пауза од 30 минути, а за тоа време координаторите да обезбедат потребен број на пратеници за гласање.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,47 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи на списокот се потпишани 92 пратеника, а во салата во моментов немаме доволен број на пратеници за одлучување, јас сакам да ги повикам пратениците кои се предлагачи на амандманот, за да не ја блокираме работата на Собранието, да влезат во салата и да пристапиме кон гласање на овој амандман за кој дебатиравме еден ден.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Влатко Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам господине Анастасовски.

Јас би сакал да поставам едно прашање кое сите си го поставуваме, а тоа е дали пратениците во Собранието на Република Македонија, од СДСМ и ДУИ се избрани од граѓаните и платени од даночните обврзници, да присуствуваат на седницата или да отсуствуваат. Ако тие се присутни во оваа сала, не ни прават нас услуга, туку го прават она за што се избрани и се платени од даночните обврзници. Ова е скандалозно однесување, ова е однесување кое едноставно не и користи на Република Македонија и ваквиот однос на непочитување на институциите и сопственото работно место, не можеме да прифатиме. Не можеме да прифатиме Радмила Шекеринска да има 44 илјади денари плата за месец ноември, а да биде присутна вкупно 24 минути во месец ноември. Не е прифатливо Радмила Шекеринска да земе 44 илјади денари плата, а да биде присутна во декември 3 часа на нејзиното работно место. Не може да прифатиме Радмила Шекеринска во месец јануари, до 22 во месецот да биде присутна 15 минути до сега и после тоа да дојде и да земе 44 илјади денари плата од државните обврзници, од луѓето кои ги плаќаат пратениците.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега,

Јас во еден дел од вашата процедурална забелешка се согласувам, а во едниот не.

Процедурално за збор се јавува господинот Рафис Алити.

Повелете, имате три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Сигурно дека на мнозинството треба да му биде јасно, кога ја формираа Владата ги уживаат сите бенефиции кои следат од тоа, затоа што вие сте на власт и се разбира вие ја правите вашата политика и треба да обезбедите мнозинство во Парламентот. Затоа, вината немојте да ја барате во опозицијата.

И до господинот Ѓорчев, бидејќи бевме повикани како пратеничка група и како коалиција ДУИ-ПДП, добро е што ги спомна платите кој колку прима, но тој одговор треба да го бара кај својот лидер Груевски и кај координаторката на пратеничката група, Силвана Бонева, бидејќи тоа го учевме токму од вас, од вашиот лидер и од вашата координаторка. Значи, во минатото ние како партии кои бевме на валст, секогаш сме обезбедувале во салата да имаме 61 пратеник. Така што добро е и вие да обезбедите 61 пратеник, а секако ние како предлагачи тука сем и ќе бидеме присутни. Кворумот треба вие да го обезбедувате.

Точно е дека сме земале валст од нашите граѓани, ние имаме наша политичка платформа и секако дека граѓаните се тие кои тоа ќе го цената.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега, во првиот дел од вашето излагање јас можам да се согласам, мнозинството ја има таа одговорност. Меѓутоа, во вториот дел, апсолутно тоа не е процедурална забелешка.

Процедурално за збор се јавува господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, јас се согласувам со господинот Влатко Ѓорчев кој укажа на тоа дека партиите од опозицијата го блокираат парламентот, ги кочат реформите со што нанесуваат огромна штета на процесите на евроинтеграции и приближување кон НАТО, но и за брзо решавање на пробелмите кои стојат и

пред Владата, но пред се пред Парламентот кој се јавува во улога на кочничар на политиката на Владата.

Мислам дека освен што заслужуваат критика пратениците од опозицијата, исто така треба да се обратиме и до пратениците од позицијата што исто така континуирано голем дел од нив не присуствуваат на седниците. Крајно неодговорно е, некои постојано да бидеме присутни овде, а некои да извршуваат партиски, бизнис или други обврски. Затоа апелот треба да биде до сите пратеници во Парламентот, бидејки сепак одговорноста лежи во пратениците од позицијата.

**Иван Анастасовски:** Да, токму тоа и јас го реков, колега Трајанов.

Три минути процедурално пратеничката Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Би се согласила со еден дел од дискусијата односно процедуралната забелешка на колегата Рафис Алити, дека парламентарното мнозинство е тоа кое треба да обезбеди доволен број на гласови. Но, сите сем свесни дека и парламентарното мнозинство и опозицијата имаат обврски надвор од Собранието на Република Македонија, делегации кои се надвор од земјата и кои ја претставуваат Република Македонија и законодавниот дом, работа на комисиите. Во исто време, да не заборавиме дека додека ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција, секогаш беше во собраниската сала, постојано присутна да се бори за своите аргументи, да се бори за амандманите што бараше да бидат прифатени од страна на парламентарното мнозинство и никогаш не правевме опструкција на закони кои беа од интерес на сите во Република Македонија и кои ги прифаќавме. Значи во текот на целата постапка ние бевме внатре и не го блокиравме Собранието на Република Македонија, не бевме во салата само тогаш кога гласавме односно не се согласувавме со законите кои беа носени, а не да го кочиме целиот процес на разгледување на законите. Значи апсолутно протестирам за ваквиот начин, кога се работи за амандмани на колегите од опозицијата, а тие не се внатре во салата и пават опструкција на работата на Собранието на Република Македонија.

Бидејки во моментот треба да почне со работа и Комисијата за транспорт и врски, а беше прекината и работата на Законодавно-правната комисија, се со цел да се собереме внатре и да продолжиме со работа, барам еден час пауза за да може комисиите да ги довршат своите работи и да продолжиме понатаму со собраниското заседание.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Овие процедурални забелешки не се во правец ние да ја подобриме нашата работа.

Тоа што го рече и со право, координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, побара пауза од еден час, бидејки една Комисија прекина со работа заради тоа да направиме кворум за гласање, а во тек е седница на Комисијата за транспорт и врски.

Затоа, објавувам пауза до 13,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,08 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Госпоѓа Фљора Кадри, процедурално ли барате?

Повелете.

**Фљора Кадри:** Почитуван претседател, имајќи предвид дека координатаорите на парламентарните групи се на седница на Владата, исто така Законодавно-правната комисија е во тек, парламентарната група на Демократската партија на албанците бара пауза од еден час.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза од еден час, тоа значи после тоа е паузата за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,16 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Процедурално за збор се јави пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Бидејќи вие не бевте присутен, седницата се водеше од вашите заменици и се разбира имаше неколку процедурални излагања, кои не беа процедурални односно беа реплики. Јас тоа што го кажа координаторот на ВМРО-ДПМНЕ дека секогаш кога имаше повисок интерес или интерес на ова Собрание, парламентарната група на ДПМНЕ учествувала на седниците, сакам да го демантирам тоа дека не било така. Не било вака поради многу причини и од тоа што го искажа може да се повика координаторот на парламентарната група на ВМРО-Народна партија Весна Јанеска, затоа што нејзините пратеници сега не се во овој состав и е единствената партија која знаеше да оцени што е интерес на Република Македонија или единствената парламентарна група во ова Собрание во минатиот состав беше парламентарната група на ВМРО-Народна партија, која ги поддржува измените во однос на законот за судство итн. Додека колешката Бонева го нема тоа право да се повикува дека навистина дале придонес во оваа насока, таа и нејзината парламентарна група. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Божиновска Валентина има процедурално.

**Валентина Божиновска:** Апсолутно е така. Можеби атмосферата не е до крај поволна за она што сакам да го кажам до мојата почитувана и драга колешка госпоѓа Бонева, така беше. Но, има еден збор, турски збор кој се вика метанија, за жал ние мислиме дека одредена пратеничка група има повеќе или помалку афинитет да присуствува на седниците. Впрочем, секој од нас има задолежение и зад себе од 7 до 10.000 гласачи,

кои и тоа како заради нив треба да бидат тука. ВМРО-Народна партија толку колку што не гледате е секогаш тука подготвена за дијалог, подготвена за разговори за одреднеите закони кои се тема на седницата, но морам да се согласам со господин Рафис Алити. Минатиот состав, она што значеше однос , премиер , Собрание, претседател на Собрание, пратеници беше навистина достојно за почит. Тогаш во тој период се кометираше дека постоела некаква взаемен поинаков однос помеѓи ВМРО- Народна и тогашните пратеници на господин Бучковски на СДСМ итн. Не, едноставно е доволен за да има сериозен однос и со претседателот на Собранието и со премиерот. Така што ќе мораме во иднина да го воспоставиме тој дијалог, впрочем денешната седница, а тоа не е демократија како што некој од Факултетот за политички науки сака да каже немањето дијалог да го кажува во дефиниција и во наводници дека нема демократија. Не, едноставно мора да комуницираме сите заедно еден меѓу друг, и премиерот и претседателот на Собранието и тука да имаме мноштво од пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

Ве молам службите уште еднаш да го достават точниот број на присутни пратеници во салата во моментот на гласање.

Констатирам дека 63 пратеници биле присутни, гласале 55, за гласале 8, воздржано 2, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, за додавање нова алинеја 6 во алинеја 5 поднесен од пратеникот Неждет Мустафа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Невзет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе,

Тука сме должни да објасниме која е улогата сега на овој амандман. Практично амандманот се прифаќа но Владата го прифаќа како свој амандман. Тоа сум должен да го објаснам на нашите гледачи и по тој повод јас го повлекувам овој амандман, поради тоа што станува амандман на Владата на Република Македонија и де факто станува составен дел на овој закон. По тој повод би сакал да го пренесам мојот голем поздрав на владините ромски организации до политичките партии за несебичната поддршка што ни ја дадоа за афирмирање и актуелизирање на овој амандман. Секако, би сакал да ја поздравам и поддршката на екс пратеникот Фаик Абди во неговиот целосен ангажман во актуелизирање на овој амандман. Очекувам дека уште од оваа година 8 април достоинстено Ромите на Република Македонија ќе го слават како национален празник на Ромите и како ден на ромската еманципација. Во таа релација би сакал да ги пренесам моите поздрави до слухот на Владата на Република Македонија за прифаќањето на сугестиите и сето она што били речено од моја страна во врска со овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот станува составен дел од законот. Иако, е повлечен од тука Владата го прифаќа .

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, за додавање две нови алинеи 7 и 8 по алинеја 6 и на став 2 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети и Сафет Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавнео за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Претходно, за збор се јави Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Бидејќи, во овој амандман се работи за три главни празници, јас ќе се обидам да ги образложам нивните значења посебно. Почнувајќи, од првиот празник тука 13 август како ден на потпишувањето на Охридскиот рамковен договор како што нагласивме и во претходните денови кога дискутиравме околу овој празник, јас ќе се обидам повторно накратко да говорам за значењето на овој празник, кој празник е ден и во себе опфаќа нешто многу поебно, нешто многу очекувано од двете страни во конфликтот од 2001 година. Затоа, мислиме дека треба да се именува како историски ден. Ова е ден кој што и овозможи на Република Македонија да го направи првиот чекор кон Европската Унија и нема никаква причина некој да се обиде да го оспори значењето на 13 август. 13 август е ден кој што и овозможи на Република Македонија да го направи првиот чекор кон Европската Унија и нема никаква причина некој да се обиде да го оспори значењето на 13 август. Запоставувајќи го овој ден и не давајќи му го заслуженото место како празник кој што ги тангира сите народи во Република Македонија. Вистина е дека потпишувањето на Охридскиот рамковен договор донесе позитивни промени во Република Македонија, нешто кое што го потврди и Европската комисија и меѓународниот фактор, овозмужвајќи и на нашата држава напредок во разните области и давајќи и можност да се вклучи во големото Европскот семејство. Меѓутоа, се разбира, овој договор треба да биде постојано во реализација и да се почитува од сите граѓани.

Една од причините за почитување на Охридскиот договор е и празнувањето на овој празник, ден како државен празник на Република Македонија и

нема ниту една друга причина овој празник да се нарекува како губење на работни денови, затоа што нејзината вредност е многу поголема и овозможува сите други работни денови се чувствуваат на поинаков начин отколку деновите пред 13 август 2001 година.

Вториот празник кој што се предлага во овој амандман е 22 ноември дена албанската забука и Битиолскиот конгрес и во Предлог законот овој ден е предвиден како празник кој што ќе го празнуваат само Албанците, додека во амандманот се бара овој празник да се празнува како државен празник на цела Република Македонија.

Во текот на развојот на албанската книжевност беа изготвени неколку разни азбуки, а една од последните азбуки беше азбуката во Истамбул. Меѓутоа, сепак, општо мислење беше нелатинските знаци не беа воопшто прифатени за производство на албанската книжевност и албанскиот национален јазик. Поради оваа причина активното Здружение во Битола го свика првиот општ конгрес за дискутирање за една изедначена азбука. Една таква азбука би била почетокот на сеалбанската книжевност. Затоа, на 22 ноември во 1908 година во Битола се свика Битолскиот конгрес, каде што беа присутни 150 делегати од сите поднебја. Конгресот кој што траеше 9 дена и почна на 14 ноември одлучи со полн глас Албанците да ја остават настрана истамбулската азбука и да го пишуваат својот јазик само со латинска азбуката. Азбуката е изготвена во Битола и содржи 36 букви. Исто така, овој Конгрес одлучи за воспоставување на печатницата во Битола, позната е таа печатница како издавач на албански книги и весници. 22 ноември доколку не може да се прифати како ден на празник на Република Македонија, затоа што и покрај нашите аргументи не беа во состојба да го сватат значењето на истиот за Македонија, вие тоа не го прифативте како државен празник, затоа што според вас ова било празник на Албанија. Тогаш 22 ноември е ден на еден конгрес кој што се одржа во Битола. Исто така 13 август, е договор кој што беше потпишан во Охрид. Мене не ми се чини дека има аргумент за да се остварат овие датуми, туку кратко и јасно овие датуми не се прифаќаат само затоа што се предложени од нашата парламентарна група.

Третиот празник кој што се бара со овој амандман е празникот на Курбан Бајрам, кој што заедно со празникот на Рамазан Бајрам да бидат државни празници. Курбан Бајрам е празник кој што се кракатеризира со многу значителни дејства. Првото е готовноста на верниците да ја извршат обврската на аџилакот, кој што е еден од петте основни фундаменти на исламот и второто нивната готовност за во име на Господ жртвуваат колејќи курбан за да им помогнат на своите блиски и на сиромашните. Додека преку аџилакот се манифестира почитувањето кон Господ и му заблагодаруваат за богатството кое што им е дадени преку Курбан. Така, заедниците ја покажуваат својата волја и својата солидарност. За оние кои што имаат потреба од нивната помош и од оние кои поседуваат материјални добра, празникот на Рамазан Бајрам е крунисувањето на светиот рамазански месец. Овој празник исто така се карактеризира со солидарност, почит и љубов. Доколку се анализираат малиу повеќе овие два празници, поединечно еден од друг, ќе се види дека следат исти пораки и не можеме да кажеме дека едниот празник е поголем од другиот или пак едниот има поголемо значење од другиот. Едниот да се прогласи како државен празник, а другиот да не се прогласува. Ова, дотолку повеќе ни припаѓа нам како пратеници или пак вам како Влада. Има луѓе поединци кои се занимаваат со оваа работа и јас не верувам дека сте контактирале со надлежните луѓе со овие работи, затоа што инаку немаше да ја направите оваа грешка Голем бајрам да го прогласите како државен празник, додека пак малиот Бајрам или Курбан Бајрам да не го прогласите. Тоа е исто како да го поделите значењето од Велигден со Божик. Додека овие денови не можат да се одвојат еден од друг, како може Бајрам да се двои на овој начин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници во салата во моментот на гласањето.

Во салата има 61 пратеник.

Во моментот на гласањето во салата после второто броење има 61 пратеник.

Гласале 54 пратеници, 2 гласале за, воздржани 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмано.

Амандманот на член 1 став 2 за менување на алинеја 1 поднесен од пратениците Валентина Божиновска, Марјан Додовски и Весна Јаневска е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, алинеја 2 поднесен од пратениците Валентина Божиновска, Марјан Додевски и Весна Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа овој амандман е составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 за додавање нова алинеја 2 пред алинеја 3 поднесен од пратеникот Шабан Салиу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Шабан Салиу.

**Шабан Салију:** Со оглед што од страна на Владата  со амандман е прифатено барањето мојот предлог 8  април, светскиот ден на Ромите да биде празник на Република Македонија и тој ден за граѓаните од Ромската заедница да биде неработен ден и да се празнува, јас благодарам на Владата имајќи го во предвид мултиетничкото и мултикултурното општество, начинот на прифаќањето на мојот предлог однапред ви благодарам.

Амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 алинеа 3, поднесен од пратениците Валентина Божиновска, Марјан Додовски и Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 за додавање нова алинеа 6 по алинеа 5, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претставник на Владата, очигледно дека Владата успеа со својата намера немајќи слух и желба за дијалог со опозицијата да веќе месец дена расправаме по Законот за празниците и верувам дека по нашите дебати и на граѓаните им одмилија празниците и незнам како ќе ги чувствуваат за блиски и свои, како ќе ги чествуваат. Токму во таа насока, а и поради тоа што овој амандман беше во коорелација со претходниот, кој што не помина и овој амандман и следниот амандман поднесен од пратеничката група на ЛДП ги повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1а, по членот 1, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Џеват Адеми, Тахир Хани, Зумрете Јакупи, Селвие Салију и Агрон Буџаку.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Ајдуван Мамудов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Законот за изменување на Законот за празници во Република Македонија концептиран за празници од разни тежини и значења со едно рангирање како државни празници, празници на Република Македонија и празници на граѓаните на разни етнички заедници како неработни денови проследува една порака дека во Македонија и покрај тоа сите граѓани не се еднакви. Оваа конструкција на овој Закон за празници во делот на државните празници ексклузивно содржи датуми во однос на националната историја на македонската заедница и нема ниту еден момент кој ќе го опфати било која од другите заедници, било албанската заедница најголема по македонската или другите етнички заедници, турската, бошњачката, српската, влашката. ромската и други. Бидејќи уште вчера се виде дека нема клима нашиот Предлог 28 ноември - денот на знамето да биде државен празник, бидејќи за жал, ние се уште имаме разлики и се поделуваме во пратеници од етнички албанска заедница, и пратеници од македонска етничка припадност ние со овој денешен амандман сакаме како се вели со еден збор да го спасиме тоа што може да се спаси, иако нашето барање или нашата интервенција преку членот 1 и членот 2, помеѓу овие два члена, во законот за измени на Законот за празници да се воведе и членот 1а каде ќе се санкционира статусот на празниците на 4 значајни датуми од историјата на Албанскиот народ, не само во Македонија како денот на просветителите, денот на призренската лига, денот на ослободувањето на Скопје, денот на албанската азбука и ова го правиме со една единствена цел - граѓаните Албанци и целата напредна јавност во Македонија да го увиди овој третман на ова историско и културно наследство на Албанците и со законско усвојување во вид на празници. Во суштина ние сакаме да направиме една поделба, поделба на националните празници од верските празници и сме предложиле денот на Битолскиот конгрес да се отстрани од вториот дел или членот 2, од празниците кои имаат верски карактер и да влезе во групата што предлагаме ние - значајни историски и културни датуми.

Ќе ми дозволите за ваша информација и да ви го освежам сеќавањето на познавачите на историјата на Албанскиот народ и во кратки точки да ви го објаснам  минатото на овие датуми. Што во суштина ние предлагаме?

Што е 7 март - денот на албанските просветители, ден на албанскиот учител. Во кој момент од историјата се надоврзува овој датум и зошто ние бараме Албанскиот народ во Македонија овој ден да го празнува, усвоен со закон овој ден да биде неработен ден и граѓаните Албанци да имаат

можност со разни културни активности и други слични активности да го одбележат овој датум кој има едно големо минато. Во суштина на 7 март од далечната 1887 година во Корча албанските патриоти од тоа време го отворија првото албанско лаичко училиште. Крајот на 19 век албанската преродба по Призренската лига отпочнува свој развој и своја надградба. Албанските преродбеници, албанските просветители воглавно со провивиенција од албанската православна црква мотивирани од чувството на негување на етничките албански поединости проповеда на мисата и другите служби на албанските цркви да се врши на албански јазик, а не на грчки јазик. И во духот на негувањето и едукацијата, едуцирањето на новите поколенија и во духот на тогашниот албански просветител со дозвола на Портата на 7 март ги воспоставија темелите на албанското просветителство, нешто што подоцна ќе следи и со отварањето на училиштето од сестрите Кирјази. Ќе ми дозволите за овој ден да се заложам да ве убедам зошто оваа амандманска интервенција треба да се прифати од ваша страна, треба да се поткрепи овој предлог и 7 март да биде празник за Албанците во Република Македонија.

7 март 1887 година ден на првото албанско училиште, денот на учителот, ден кој за секој албански учител, за секој албански ученик и интелектуалец преплетува, опфаќа заложби многу годишни и вековни заложби на Албанците за култура, образование и светлост.

Затоа што образованието истовремено беше и е еден од насочувачите на истакнатиот успех и допирлив, видлив на Албанскиот народ. Овој датум, денот на учителот кој ќе се надоврзи со тој од 7 март од 1887 година е токму денот кога се отвори првото албанско училиште во Корча. Тој ден ги собра околу себе пред повеќе од еден век сите Албанци без разлика на подрачја, идеи и вера, бидејќи како во минатото така и во овие денешни денови постојано се докажува за овој висок акт на нашите преродбеници, на нашата национална преродба.

Не е случајно, за ова училиште во Корча сонуваа нашите големи преродбеници Наим и Сами, и Ани Врето и Пашко Васа, Пандели Сотири и десетици други патриоти. Инспириран од овој голем настан од наштата историја големиот Наим му пее на првото албанско училиште велејќи “блазе тебе Корча, свете кој ги остави назад твоите другарки како јунак и за век го имаме твојот долг”. Овие зборови и денес се актуелни, затоа што навистина на првото албанско училиште, на цивилизираната Корча од крајот на 19 век, денес и имаме за долг сите достигнувања од областа на занеењето, во областа на уметноста, во областа на науката, во областа на културата, во областа на албанското битие овде на Балканот. Поради оваа причина ние бараме 7 март да биде празничен ден. Не дека тој ден нема да работиме, не дека тој ден тие што не работат ќе спијат повеќе. Не, далеку од тоа, но за таа јака порака која овој датум го носи со себе, бидејќи отворањето на првото албанско училиште од непријателите на албанското училиште се претвори со убиствени чинови. Првите учители се егзикутирани затоа што децата ги учеа на албански јазик Петео Нини Љуораси еден православен свештеник плати со свој живот посветеноста на албанските учебници, на албанските деца, на албанските верници да им проповеда на албански, да им ја држи проповестта на албански јазик. И во една денешна реалност каде малку гледаме ние манифестации од тип на толеранција пратениците од муслиманска етничка припадност предлага празник да биде еден датум кој воглавно се поврзува со првославните албански свештеници тие кои први го отворија првото албанско училиште во Корча. Ценам дека овде треба да го бараме елементот кој најмалку може да не направи малку различно од оваа реалност што ја доживуваме. Велам за жал, кога предлагачот го направи ова да овори една тема од која може да имаме само расправа од која може да имаме покачување на температурата и од која можеме да имаме и од политички мотиви кршење на нормите кои не треба да ги кршиме почнувајќи од Деловникот на Собранието и ние денес се соочуваме со таборизирања. Ниту еден албански празник во државните празници, ниту една интервенција за подобрување на овој закон и на оваа голема грешка која ја направи предлагачот, во овој случај Владата имаме поларизација. Не се прифаќа да се усвојат со закон празници кои и така албанскиот народ ги празнува. Празници кои албанскиот учител ги одбележува, празници кои учениците и професорите албанци ги празнуваат било каде да се, во Албанија, Косово, Македонија и секаде во дијаспората. Сега ова веќе е дел од нашата свест, од нашата култура дел од нашата цивилизациска свест и предлагачот, во случајот Владата со оваа интервенција само ќе усвоеше нешто што со години живее и ќе продолжи да живее од причина што албанскиот професор, учител интелектуалец, независно на неговата партиска припадност, независно на неговото политичко сваќање или идеолошката ориентација, овие денови ги доживува како национални вредности. Вредности кои не познаваат партиски ограничувања и временски периоди. Колку и да се бледи и угнетувачки да се тие, бидејќи овие празници се празнуваа и тогаш кога цената беше многу повисока од денешната. Денеска со закон имаме законска дестинација не се прави еднаквост со македонската страна, но нема сила на албанскиот интелектуалец да го принуди било кој да е тој и најкосмополитот да го принуди да се откаже од овие вредности од својот зачеток се платени со крвта на сторителите на овој ден, на основачите на овој ден во продолжение во редот на празниците кои го индетификуваат Албанскиот народ ние предлагаме празник за Албанците во Македонија да биде и големиот датум на големата Призренска лига. Настан кој од реалноста која ја доживуваме денес е далечно но, што да правиме. Таква е нашата историја, таа е многу древна и ние се гордееме со тоа. Во

времето на Берлинскиот конгрес се проследуваа препораки на распарчување на албанската земја, се проследуваат пораки кои за конјектурите од тоа време да се задоволат апетитите на новите држави, Србија, Црна Гора, за амнестирање на албанските земји, албанските челници од тоа време во Призрен се собира и се организира, ги става првите зачетоци на албанската држава, се организира и администрација за да им се спротистават воглавном на опасноста на распарчување на албанската земја. Се разбира за Албанците Призренската лига од 1878 е настан кој по периодот на Скендер Бег ги опфаќа сите албански подрачја од Балканот, без исклучок, Југ - серер Чмрлја, Сакдар, Косово, Моравија и деловите од Македонија.

Втор голем настан кој во народното книжество се опејува секаде, нашите места и во Калабрија во Италија, затоа што овој историски момент за албанците освен тежината на манифестирањето на чувството негувано на државотворноста нагласува уште една вредност.Јас денес овде ќе ја обелоденам пред вас, бидејќи сум убеден дека мнозинството од пратениците кои не се албанци, имам почит за културата на албанците, можеби за други работи не знам. Со албанската лига во Призрен се поврзува и една висока доблест на Албанците, албанската беса, или збор. Дозволете ми да ви објаснам зошто ние инсистираме Призренската лига да биде празник за Албанците, затоа што во големите настани во Призрен Албанците докажаа колку го ценат нивниот морален код. Докажува како можеле да надвладеат и да опстанат во однос на насилството, исчезнувањето и асимилацијата ги издржувал кодот на довербата, на зборот, на бесата. И во однос на ова албанецот го жртвува и животот. Зошто го велам ова? Големата борба под притисок на европските сили во Призрен го испраќа Мемед Али Паша да ги убеди Албанците да не дадат отпор, да не им се спротивстават на распарчувањето на албанските земјишта. Високиот авторитет генерал кој во Европското членство имал многу пријатели меѓу Албанците го пречекуаат во Призрен како што се дочекува пријател и му велат: жалиме, но пазарење со нашите земјишта не дозволуваме. Албанските востаници го опкружуваат Мемед Али Паша Маџари, се извинувам за ова предавање но значајно е за да го разберете кодот на албанската етика, тежината на албанската беса на албанскиот збор. Соочен со опасноста за живот Мехмед Али Паша Маџари се згрижува во кулата на еден од најголемите челници на призренската лига,во куќата на Абдула Паша Дрени, еден од командантите, нај јаките команданти на призренската лига и му вели: јас знам дека ти кај мене гледаш непријател, јас знам дека ти кај мене гледаш тој што го загрозува албанското битие, но јас сум ти дошол дома,во твојот дом, јас сум во твои раце и во твоја беса. И знаете што се случува? Од тежината на бесата, на зборот големото семејство на Дрени го заштитува Али Паша Маџари и им се спротивставува на силите од Призренската лига и се бори против истите и сите се убиваат. Свесни дека грешат, свесни дека можеби и ги предаваат идеалите, но еве, непријателот ти доаѓа во домот и ти бара збор, ја бара бесата. Заради оваа причина за нас Албанците овој настан има многу кратно значење, заради оваа причина ние предлагаме Призренската лига, тој голем настан можеби и еден од најголемите настани по Берлинскиот конгрес да се усвои во Законот за празници во Република Македонија. Секако Албанците овој ден да го празнуваат да го одбележат, негуваат, да го возвишат и критикуваат, секако ова е наша цел кога го предложивме овој амандман. Затоа што како и седми март, така и големиот настан кој го симболизира албанската призренска лига, албанците било каде да се го одбележуаат, го празнуваат, го ценат  и негуваат овој датум и е нешто што постои, е нешто кое доколку не се уреди со закон нема да згасне, или заборави. Не се откажува од тоа. Затоа не можам да го разберам предлагачот кога претходно ангажирал и експерти и луѓе од науката и луѓе од историографијата, кога требаше да го има во предвид дека во оваа држава постои една голема заедница, дури и голема албанска заедница и да не ги разликуваш и одвоиш овие моменти и да ги опфатиш и вградиш во овој закон. Доколку предлагачот го направеше ова, не говорам за симпатијата која ќе ја добиеше од албанците, тоа се подразбира. Но, говорам за одговорноста што ќе ја преземеше за интелектуалната и политичката смелост која ќе ја зрачеше. Но, за жал ова не се случи. И сите изгледи велат дека и понатаму ова нема да се случи. Со овој наш амандман почитувани пратеници увидувате под број 3, уште еден датум. Се работи за 12 август од 1912 година. Можеби за некого настан кој на ништо не асоцира, е еден значаен момент, сепак е еден значаен момент и за албанско-македонските релации овде во Македонија. Затоа што на овој датум албанските сили водени од Иса Булетини и Хасан Приштина, еден наш колега пратеник во тоа време од младотурскиот Парламент го ослободуваат Скопје и воспоставуваат прв контакт помеѓу албанските востаници и претставниците од ВМРО за една заедничка војна за ослободување и за барање можности за да живееме заедно, за да ја изградиме иднината. На 12 август 1912 година пред влезот и на спрските сили и на бугарските сили и на европските сили во Првата светска војна, првата организирана формација, првата воена структура која го ослободи Скопје по многувековното ропство се албанските востаници предводени од Хасан Приштина, едно познато име за Скопје, познат за неговата филантропија и добротворност и славниот албански генерал Иса Булетини. Тие не го окупираа Скопје. Во документите од тоа време од европските архиви албанските востаници се опишуваат како настан, најголем настан за граѓаните од Скопје од сите етнички припадности, на религиозна припадност, бидејќи симболизираше од почетокот на една нова реалност, изградбата на еден нов субјект. Подоцнежниот развој на настаните донесе и

многу жртви и маки за граѓаните на Скопје и пошироко, но, во аналите на историографијата во балканските архиви доколку ви е тешко да истражуваме во европските, опфаќајќи ги и дипломатските архиви во Лондон 12 август за граѓаните од Скопје, за жителите од Скопје од раното отпочнување на 20-от век беше вистински ослободителен ден. Затоа што многу војски тргнале кон Скопје: српски војски, бугарски војски и црногорски војски за да го окупираат Скопје, за да се продолжи со ропството кое за среќа во тие години Македонците и Албанците дефинитивно го отстрануваат, значи се ослободува од ропството. Ова сме сакале да го проследиме со овој наш предложен амандман. Со ова сакавме да дадеме можност на предлагачот, односно на Владата да ја исправи грешката која ја направи кога одлучи да го отвори ова прашање и кога не ги опфати овие значајни датуми од историјата на албанскиот народ.

И, четвртиот, но не последен по значење е и 22 ноември ден на битолскиот конгрес, ден на албанската азбука. Сакам да ви објаснам дека предлагачот го има опфатено како празник, но го вовел во религиозни верски празници. Овој датум за албанците нема никаква религиозна асоцијација. Албанците од сите верски припадности: католици, православни, муслимани, дури сме имале и протестанти, во Битола во хотелот “Илирија” сопственост на една голема личност на нашата национална преродба Хемистокли Грмењи се собираат и одлучуваат за наша среќа, албанската азбука а се пишува со латински букви. Нема да навлезам во историјата на разните албански азбуки, грчка, арапска, посебна азбука со други работи. Нашата историска судбина е светите умови на нашиот народ предводени од истакнати албански католици од Северна Албанија и истакнатите муслимански имами и од свештениците исто толку свети и почитувани православни албанци и проповедувачи, протестанти во Битола во 1908 ја манифестира широката албанска култура, толеранцијата. Кога е во прашање перспективата на нацијата и проевропската ориентација, сите сме заедно. Имало и други гласини и разни други настојувања, но надвладеа разумот, бидејќи албанците се дел од Европа, албанскиот народ е еден од најдревните балкански народи кои имаат земено и дадено на Европа. И во текот на традицијата од формулата на крштевањето, Мешари, Буди, Барди, Богдани и други писатели, албанската азбука да се пишува со латински букви. И ние денес благодарение на визијата и далековидоста на тие челници умни албанци денес велиме дека сме дел од големото семејство на народите кои во нивната азбука го користат латинското писмо. И ова не беше без жртви, многу луѓе ова го платија со крв. Еден од нив е и сопственикот на хотелот каде се одвиваше овој конгрес Хемистокли Грмењи кој неколку години подоцна се убива само затоа што целиот негов живот го стави во функција на албанското битие и албанската европска ориентација. Судам дека овие датуми не бесправно, сега веќе предложени само како празници на албанската заедница во Македонија, бидејќи овие се вредности кои треба да ги негува и цени секој граѓанин на Република Македонија. Но, за жал, реалноста е оваа и ние сме принудени да ги дадеме како вредности и празници на албанските граѓани на албанската заедница во Македонија. Не само што заслужуваат овие датуми да бидат празници усвоени и вградени во законот, туку се и многу големи празници, не само што заслужуваат, туку треба и треба за доброто на сите нас, треба во прв ред за да се запознаеме, затоа што ние, иако не делат половина метар овие клупи од парламентот, многу малку се познаваме взаемно. И со ова не треба да се гордееме, ова не е взаемност дека јас повеќе ве познавам вас, или ние повеќе ве познаваме вас, велам повеќе ве познаваме. А вината не е кај нас. Затоа може да изгледаат како парадоксални, анахронични враќања во минатото овие предавања кои ги кажувам јас овде. Тој што ја заборава неговата иднина, проклета е и не ја негува и не инсистира во моменти каков што е овој тие да се вградат и усвојат со закон, бидејќи поодамна се дел од албанското битие. Овие датуми со ништо не се загрозуваат. Нагласувам неколку пати за да го отстранат превезот дека еве, имаме една мисија на спас за да го спасиме албанското битие во Македонија. Велам, не. Ние сакаме да ја оплемениме нашата реалност, не само албанската реалност. Затоа почитуван потретседателе, почитувани претставници на Владата и колеги пратеници, не велам дека другите народи немаат датуми, туку толку големи датуми и толку значајни како овие кои ние ги предлагаме со овој наш амандман. Неоспорно е дека имате, но овие се наши датуми. Почит за секој настан од минатото, почит за секој момент, за секоја личност. Но, овие се тие со кои ние се гордееме. Овие се тие датуми, само еден дел за кој оценивме дека заслужува во ова отворање не толку среќно што го направи Владата во однос на оваа тема. Доколку предлагачот не ја отвореше оваа кутија, можеби и немаше да има потреба ние денес овде да ги искажеме сите наши маки и пролеана крв, сите дадени животи за овој ден кој ние и сега да се убедиме колку треба да се почитуваме и тоа взаемно да се почитуваме. И доколку овие станат како дел од овој закон, во прв ред ќе го почувствува парламентарното македонско мнозинство, бидејќи се тие кои ќе одлучат, не ние. Така говорат бројките, затоа што таму каде што одлучуваат албанците овие се и државни празници и национални празници и културни празници и историски празници. Нашата судбина е таква. Значи, можеме да ги уредиме овие прашања на многу начини, значи можеме да се згрижиме за овие датуми, да го одржиме свежо во колективното сеќавање на нашиот народ и на научниците. Затоа имајќи почит и за времето и за вашето трпение и несакајќи да ја пробијам границата на доброто однесување, да не биде како наметнување, или ќе се прифатат овие, или не, затоа што се работи за интелектуална свест на систем на вредности, интелектуална доблест

во прв ред индивидуална , понатаму групна организациона. Сфатете го како сакате тоа. Јас ви благодарам на вниманието. Но, би сакал не само за албанските граѓани, не само за македонските граѓани, туку за целата јавност внатрешна и надворешна да не изненадите пријатно овој амандман да стане составен дел на законот за празниците.

**Бесим Догани:** Реплика, госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Јас сакам да го поддржам колегата Адеми во повикот да се почитуваме меѓу себе и да се осознаеме повеќе. Затоа мислам дека секакви разговори, дури и кога имаме сосема спротивни ставови се полезни и потребни за да знаеме кој што мисли и низ дискусии и дебати да се приближуваме во ставовите.

Што се однесува до амандманот за воведување на Призренската лига, како датум кој треба да го славиме како Република Македонија, јас воопшто не се согласувам затоа што и според говорот на господинот Адеми јасно беше кажано дека според Призренската лига, се набројува кои земји се сметаат за албански земји, а во тие земји е наброена и Македонија, делови од Македонија.

Навистина, од сето она што јас го знам и од историја и од она што сите ние го знаеме, не можам да се согласам со него. Значи за мене апсолутно никаква основа нема тоа барање. Од друга страна, јас не гледам односно тука не може да се најде ни логика, господине Адеми. Како можете да барате да се празнува празник на Република Македонија, денот кога се озваничува барање според кое Македонија е поробена земја, или земја која некому му се одземала и некои други ја освоиле, во случајот Македонците. Нели би било апсурдно такво нешто, чисто и логички гледано. Така што мислам дека ние на Балканот сеуште многу робуваме на разни големи, условно кажано, идеи, а од друга страна оние мали барања кои ги имаат меѓународни конвенции за почитување на правата на малцинствата, за почитување на човековите права, некако не радо сакаме да ги почитуваме. За среќа, Република Македонија на овој план навистина направи огромни исчекори и не само што ги почитува тие меѓународни конвенции за малцинствата и малцинските заедници воопшто, туку отиде и надвор од тие стандарди. Токму затоа тоа ни дава за право да можеме да зборуваме за почитување на малцинствата на македонските малцинства во други земји. Меѓутоа, се разбира, тоа ни дава и право да си го чуваме суверенитетот на нашата земја и својата историја. Во секој случај добро е, господине Адеми, што разговараме и мислам дека треба да разговараме, но дел по дел, фрагмент по фрагмент, да си ги дообјаснуваме работите, веројатно и многу повеќе и надвор од Собранието затоа што тоа се сепак експертски теми.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Една минута контра реплика за господинот Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Не дека не се познаваме, туку и не се разбираме. Тука е проблемот.

Не е добро предрасудите да ни го замаглат разумот. Но јас и моите колеги се нагажираме Призренската лига да биде празник усвоен со закон. Со тоа воопшто не загрозуваме никого, уште помалку македонските граѓани и Македонија како држава. Говориме за историски контекст, говориме за настан од пред 150 години, настан кој ниту со една постапка и ништо лошо не им прави на граѓаните Албанци. Додека, тоа дека овие прашања се за академски расправи, се согласувам, но предлагачот кога ја отвори темата, по историската тежина, требаше да го има предвид и тој факт.

**Бесим Догани:** Три минути реплика за госпоѓата Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Ќе се обратам до пратеникот Адеми и ќе кажам дека многу добро се разбираме. Се што тој зборува овие денови, посебно вчера кога се закануваше, меѓутоа сметам дека не треба да му одговорам. И денес јас нема да се впуштам во дуел со него, бидејќи ќе ги направам истите контрагрешки што тој денеска ги правеше и сите овие денови. Ќе кажам само дека предавања на опседнати говорници, не се за во овој Парламент. Сите ние другите овде не сме должни воопшто да слушаме такви историски часови.

Сметам дека потпретседателот, моментално, на Собранието на Република Македонија, во иднина не треба да дозволува вакви историјати во кои преовладува едностранчива принципиелност и едностранчива фактографија. Толку од мене.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута пратеникот Џевад Адеми.

**Џевад адеми:** Посакувам почитуваната пратеничка, госпоѓа Куновска да нема проблеми со срцето и од моите зборови да не ја снајде нешто лошо.

**Бесим Догани:** Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Благодарам.

Предложениот амандман од страна на парламентарната група ДУИ-ПДП е амандман во кој се предложени четири албански национални празници во Република Македонија.

Колегата Џевад Адеми говореше на долго и на широко за секој празник поединечно, а јас ќе се обидам со едно мало забавување да го убедам мнозинството дека Призренската лига е албански празник и треба да се аргументира со факти, од причина што законот е во една а не во две фази.

До колку предложениот закон одеше во две фази, тогаш сигурно немаше да имаме толкави дискусии, туку ќе соработувавме, ќе разговаравме и ќе можеше да дојдеме до еден компромис на двете најголеми заедници во Македонија и

другите заедници, така што ќе го поминевме овој Предлог-закон за празници.

Ние како пратеници сме обврзани пред граѓаните, пред овој Парламент и пред мнозинството, со аргументи и научни факти, толку колку што имаме познавање од науката, да аргументираме зошто овој празник треба да биде државен празник во Република Македонија.

Призренската лига беше политичка организација, воена организација, која со своето организирање и политичко дејствување, одбележуваше една етапа која по квалитет беше нова, највисоката етапа на албанското движење во 19 век. Тоа не беше случајна појава. Тоа беше род или пак ексклузивен плод на посебните услови кои се создадоа во текот на источната криза во 70-тите години. Се разбира, се работи за 19 век. Призренската лига беше продолжување на една национална традиција која беше основана пред неа, меѓутоа развивана во услови на содејствување на новите историски фактори кои ставија свој печат врз програмата, своето дејствување и достигнувањата на националното консолидирање на албанскиот народ.

Албанското движење се роди во едно поднебје каде продолжуваше да биде постојано запален оганот на антиосманлиските востаници кои ги правеа Албанците значаен фактор кон источната криза од 70-тите години. Постоеја објективни можности за наредување на угнетуваните народи на Балканот за создавање на еден заеднички фронт против османлиското ропство, нешто што ќе ги спасеше и ќе го направеше нивното национално обединување. Обидите во тој правец недостасуваа. Меѓутоа тие беа наменети на неуспех поради бруталното интервенирање на големите сили и на експанзионата политика на буржоаските држави на Балканот. Токму ова интервенирање беше тоа што и даде на источната криза една поинаква насока во спротивност со интересите на народите, на посебен начин во спротивност со интересите на албанскиот народ.

Источната криза со новата насока што ја зазема, за Албанците создаде драматични контрадикторни околности. Војната на Србија и Црна Гора против Турција го ослабе вековниот непријател, додека победите на Руската војска, предвидоа пад на Отоманската империја, наспроти Турција, кон која беа ориентирани руските сили, се роди надеж за малите народи во Балканот. Меѓутоа се случи токму спротивното. Иако беа помогнати од Призренската лига и беа помогнати од албанското население, за да се ориентира една општа сила на Балканот, токму во тоа време почнаа да се грабаат албанските земји од соседите наоколу. Дури една горка измама, меѓутоа и опасна за расцепкување на нивната земја, кога еден значителен дел на Албанците се преселија од нивните древни огништа, почнувајќи од Белград, Куршумлија, Ниш и понатаму. Тогаш кога го видовме навлегувањето кон албанските земји и нивното расцепкување и прогонување, со руско-турскиот трактат на Свети Стефан, кој го санкционираше ова расцепкување, со заминување на цели албански земјишта, еден дел кон Бугарија, еден дел кон Србија и еден дел кон Црна Гора. Не се работеше за посебни гранични зони, туку за отцепување на голем дел од албанското поднебје, што го доведуваше во прашање и битисувањето на Албанската нација, што создаваше околности за исчезнување на истото од Балканската карта. Таквата опасност ги подигна разни општествени гласи, широки народни маси кои се мобилизираа за одбрана. Отцепувањето на национални територии беше заканувачка опасност и со антиалбанските одлуки од Берлинскиот конгрес. Во овие околности националното албанско движење доби еден силен поттик, меѓутоа нејзините задачи или обврски се искомпликуваа.

Упатена до тогаш против отоманските напаѓачи, сега таа требаше да се соочува и со нови непријатели и да води тешка борба на два фронта, потоа и на дополнителни фронтови затоа што, како што кажуваат и настаните против законските национални права на албанскиот народ, беа и големите сили и балканските монархии и тогашната империја. Една таква војна бараше ново организирање на патриотските сили и формулација на една стратегија и политичка тактика која ќе дозволеше маневрирање со способности, со вештини во лавиринтот на контрадикциите што ги донесуваше. Со источната криза овие задачи ги изврши Комитетот за зачувување на правата на албанската националност што се одржа во Истамбул и посебно на албанското движење што беше во Призрен, на 10 јуни 1878 година.

Призренската лига која е претставена во амандманот, беше организација која беше единствена политичко обоена формација, која беше присутна на сите албански територии.

Собранијата и лигите или движењата биле традиционални форми на организирање на ослободителните движења на албанскиот народ и против Отоманското востание од 30-тите години, 70-тите односно од 19 век имаат организирано собранија и движења.

Се јави потребата од соочување со еден појак непријател како што беше Отоманската империја, меѓутоа и за да се излезе пред него, како еден ентитет со заеднички барања тоа им овозможи на албанските востаници да излезат и да постават меѓупокарински врски, врски меѓу териториите. Обидите за организирано движење меѓу двете најголеми движења од двете краини, од Север и Југ, што имаше некаков резултат, тоа беа движењата од 1834 година. Како последица на тоа и против Отоманското востание од 1835 година, доби општ генерален карактер, меѓутоа тоа беше повеќе федеративно движење, воено феудално движење отколку воено политички и национален сојуз.

Призренската лига од 1878 година одбележа еден пресврт во оваа насока. Движењето се претвори во национална организација способна да ги

постави политичките дејствувања, воените и административните цели претставени во меѓународнат арена, волјата на целата албанска нација и пошироко.

Со стихијниот развој на настаните, водејќи се се повеќе со патриотски мерки во судир со надворешни и внатрешни непријатели, движењето или пак лигата се ојакна и организационо доби авторитет кој беше дискутабилен во целата земја.

Призренската лига што е поднесена во нашиот амандман, беше воена организација и таа го сочува воениот карактер до крај. Нејзиното динамизирање беше изразено во внатрешни и надворешни рамништа. За реализација на програмата таа го следеше патот на вооружената борба, како едениствен и ефикасен пат на зближување на народот и одбрана на битието на народот.

Во услови кога големите сили, Отоманската империја и соседните држави следеа политика на оспорување на албанската нацина и на правата на истата, меѓу оваа војна, лигата реализираше уште поширока соработка кај албанското население под едно единствено раководство и со една заедничка национална програма, издигнувајќи се над поделбата на краини и верска поделба.

Политичката еволуција на лигата или на движењето се повеќето заострување на конфликтот со Отоманската империја, покрај непрекинатата војна за одбрана на земјишната целовитост, наспроти отцепувањето се изрази и во организационата еволуција. Во обновата на политичкиот, општествениот состав на нејзините заедници. Демократизацијата на движењето или лигата како политичка организација и воена организација, беше логична последица на самата нејзина војна, која што беше одлучна да ги реализира целите кои што ги имаше дадено сама на себе. Во оганот на оваа војна, уживајќи ја поддршката на патриотското население, лигата ги отфрли елементите на големите сили, чифлигарите и клериците кои што ја прифатија националната платформа само во случај и во мерки, кои што се совпаѓаа со интересите на одбрана за отцепување на албанските земји и границите на Отоманската империја. Меѓутоа, не беа за промена на односите со Високата Порта. Албанското движење или пак Призренската лига се бореше за да реализира три нејзини основни барања.

А, признавање на албанската нација како неоделива и почитување на начелото на националност во сите насоки.

Б, сочувување на интегритетот на албанските национални територии.

Ц, обединување на албанските земји или територииi во една единствена автономна државна целина или единица.

Проблемот на територијална и национална целовитост и на војната за одбрана на истата заземаа прво место во политичкото мислење и во целото дејствување на лигата, како еден животен проблем за албанската нација или албанскиот народ.

Националната припадност на териториите кои што беа населени од албанците, лигата го аргументираше со нивниот историски карактер. Со мнозинството население кое што живее и кое што говори на исти јазик и со нејзината компактност.

Им благодарам на пратениците кои што се присутни, јасно се гледа дека не можат да поднесат да говориме за историјата на нашата албанска нација или албански народ, меѓутоа реалноста е таа. Имам уште многу. Во определбата на историскиот карактер на албанските територии, лигата со право поаѓа од фактот, неоспорниот факт дека албанците се следбеници на Илирите и како такви се автохтони во земјите кои што се населени од нив и без господар неоспорно право на ова земјиште. Аргументирањето на историскиот карактер, албанскиот карактер на териториите кои што се населени од албанците во периодот на лигата беше потреба да се отфрли пропагандата и теориите на шовинистичките кругови, дури и на буржоаските соседни држави кои што или им ја спореа националноста на албанците или пак ги сметаа источните покраини на земјата како окупирани од албанските племиња. Ова беше тогашна пропаганда.

Историскиот албански карактер на овие територии се зајакнување со два аргументи во нив. Албанците го сочинуваат поголемиот и покомпактниот дел, аргументирајќи теоретски за националната припадност на териториите и практично населени од албанци, лигата формулираше и практично решение на проблемот. Границите на албанските земји, според неа опфаќаа 4 тогашни вилаети. Тоа се: Скадар, Косово, Битола и Најанина, каде до или пак меѓу албанците кои сочинуваа мнозинство, имаше и неалбанско население. Барањето на лигата за опфаќање во концептот на Албанија 4 вилаети, поаѓаше од практиката која што се следеше во балканската политика. Во определбата на националната припадност на териториите, се зема како основа поделбата, поголемата административна поделба на Турција, на вилаети.

Фактот што лигата се бореше во некои случаи за да не дозволи повреда и на уште некоја територија со странско население, опфатено во едне вилает, со мнозинско албанско население, се објаснува со тоа што произлегува од нејзините акти. Главно, со политичко почитување на заштитниот карактер, наспроти тежнеењето на буржоаските земји, соседни буржоаски земји за расцепување на албанската територија. Сепак, ова не ја затвораше патеката за една поголема, понатамошна прецизност на границите, на двостраните трактати со услов да се обезбеди целовитост на албанските територии. Како што се изјаснува Абдул Фрашари во албанско-грчките разговори во 1877 година, признавајќи ја

националната територија како составен дел на нацијата и на народот, лигата се бореше и со оружје и со пушка, меѓутоа и со пенкало или молив за да се заштити целовитоста и неповредивоста на оваа територија од соседските обиди кои што беа подржани од големите сили за да се расцепка истата територија. Едно такво дејство законско извираше од вистинско праведно разбирање на албанската реалност во тоа време. Во втората половина на 19 век се завршува процесот на консолидација на албанската нација како територијална заедница, јазична, економска и душевна заедница. Тоа е заслуга на Призренската лига, која што ја бранеше неотуѓивоста на албанската територија. Затоа, треба да се смета како право за борба за заштита на територијалната целовитост во периодот на лигата, а беа заинтересирани само неколку феудалци, кои им припаѓаа нивните поседи или пак некои странични племиња. Во својата борба за сочувување на неповреденоста на албанските територии, лигата ги укина формалните права на Високата Порта и на султанот да располага со истите. Враќајќи го ова право на вистинските сопственици на албанскиот народ, се исполни целта.

Другото и главното барање на програмата на лигата беше обединување на албанските територии во една единствена административна и автономна единица. Едно такво барање извираше не само од етничкиот карактер. Територијата и албанското население беа поделени во 4 вида вилаети. Една таква поделба на албанското население Високата Порта ја спроведуваше со цел административно да ја расцепка неа. За да ја отстрани опасноста која што можеше да дојде од едно такво обединување и да и биде полесно да провоцира, кога имаше потреба за конфликти меѓу разни етнички елементи внатре во еден вилает или пак меѓу вилаетите. Тоа најдобро го докажува фактот што во текот на периодот на Призренската лига, со цел за да се порази колку што е можно побрзо албанското опстојување, тогаш Високата Порта направи административна промена или измама на албанските вилаети, посебно на вилаетот на Косово, кој што во овој период беа значајно огниште на албанското движење. Административното обединување на албанските територии во еден вилает, провинција или пак единствена држава беше прв услов задолжителен за национално обединување и за национално единство. Обединувањето беше истовремено објективно барање, кое што произлегуваше од самиот економски развој, општествен развој на земјата.

Од воспоставувањето на тесните економски врски меѓу албанските територии, кои што доведоа до обединување во едно заедничко и национално пазариште, составен дел на барањето за еден вилает или пак албанска држава беше определбата на карактерот на односите со Високата Порта и со султанот. Востанијата кои што беа албански, противотомански востанија, оставија како наследство на лигата, покрај омразата против централизиранаta администрација и корумпираната администрација и општата национална аспирација, народна аспирација да се обноват новите отомански закони и да се администрира или управува според домашните закони и од своите луѓе, домашните луѓе во рамките на империјата. Оваа инспирација не беше сеуште формулирана на ниво на една политичка национална програма, која што би била јасна и целосна. Меѓутоа, ова го направи Призренската лига. Во лигата беа присутни двата концепти, концептот на независност и концептот на автономија под суверенитетот на Турција.

Највисоките и најнапредните раководители и водачи на лигата како Абдул Фрашари, Сами Фрашари и другите сакаа целосно отцепување на Албанија од Турција и тоа го гледаа како варијанта која што треба да се реализира веднаш, доколку се создадат поволни услови. Меѓувреме територијалната автономија, административната автономија, како етапа за премин во целосна независност, потполна независност, се направи, се изготви и официјалната платформа на лигата. Таа беше изразена во сите нејзини основни акти. Концептот на автономија на лигата имаше своја еволуција. Уставниот акт на лигата, се до формирањето на привремената влада и во отворената војна против грабливците. Тоа го водеше како последна етапа. Оваа еволуција беше определена од текот на настаните, од зголемувањето на мобилизацијата и народната војна и од општиот развој на националната свест. Иако, Истанбулскиот Комитет беше за автомија или пак за независност на државата, тоа беше пред основањето на лигата, нејзина задача беше да организира односно да го организира народот во војната против Отоманската империја, што беше основна и итна задача на сите општествени сили кои што беа заинтересирани, искористувајќи го и интересот што го имаше Високата Порта во сочувување на границите на империјата посебно, не провоцирајќи ја реакцијата која што би била итна од страна на Отоманската империја и на тие локални елементи, на феудалците, клериците и туркоманите, кои што би можеле да го угнетат движењето уште на почетокот. Меѓутоа, во овој акт, не дозволувајќи и на Високата Порта да се меша на ниту еден начин во работата на лигата, се санкционира правото на дејствување на лигата, без да се праша Високата Порта, како што покажуваат настаните кои што следеа веднаш на 10 јуни кога имаше експанзија на националниот патриотизам, наспроти одлуката на Берлинскиот Конгрес. Тоа го зголеми авторитетот на лигата и нејзи и дадоа можност уште во месец јуни да излезе со барање за автономен карактер за да ги формулира нив во едно генерално собрание во Дебар на 1 ноември 1878 година, кога се бараше формирање на еден вилает или пак автономна албанска провинција и пошироко. Лигата имаше историска заслуга да ги каже и да ги издигне барањата на националните маси до степен на национална автономија. Борбата на лигата за признавање на албанската нација или албанскиот народ како неоделив и за почитување кон

истиот, почитување на начелото на националност за сочувување на неприкосновеноста и на целовитиста на албанските територии, за обединување на албанските територии во една единствена државна автономна единица или тоа одговараше на едно законско објективно барање и субјективно барање на развојот на албанското општество.

Трите главни задачи на нејзината платформа сочинуваат три неодделиви алки една од друга.

Албанскиот народ како територијална заедница, јазична заедница, економска и душевна заедница беше нешто што припаѓаше и што соодвествуваше со тогашната реалност. Официјалното, службеното признавање на истото, не беше едноставен акт само за да се регистрира или запише. Во околности кога својата или нејзината егзистенција, или пак постоењето го спореа како Турција, исто така и големите сили, дотолку повеќе и соседните држави таа добиваше голема политичка смисла. Со признавањето на албанскиот народ Лигата задолжително и признавање на територијата и на границите. Со ова се правеше првиот потребен чекор за излегување до идеата која што беше толку значајна за зачувување на целовитоста и на единственоста на овие територии. Како еден основен, главен услов за националното единство врз основа на војната што ја направи Лигата за зачувување на целовитоста на албанските територии и обединување на истите во една единствена административна единица, праведниот концепт дека не може да има народ без своја територија и не може да има национално единство без територијално единство. Овие идеи на Лигата наидуваа на нивно потполно логичко исполнување на третата задача, задачата за реализација на ова територијално единство. Национално во рамки на еднонационална држава, албанска автономна илипак независна. Ова беше делот на една мала ненаучна елаборација, меѓутоа и политичка елаборација и воена елаборација на Призренската лига. Со голема жалост гокажувам тоа тука. Република Македонија е мултиетничка, мултиконфенционална и мултикултурна држава. Имајќи ги предвид сите овие работи, имајќи го предвид дејствувањето на Отоманската империја во тоа време непризнавајќи ги народите, непризнавајќи ги нивните култури, непризнавајќи ги нивните традиции се уништи таа империја. Тогаш поставувам прашање, иако мнозинството не е тука, денес е тука заменикот на минситерот или пак јас не знам кој е тоа, како мислите во една таква држава да се игнорираат ваквите национални празници. Како мислите албанците да се идентификуваат со нивнтие верски празници. Никако и не можно е таквото игнорирање во 21 век кога не можела истите да ги игнорира една Отоманска империја. Поради таа причина ние го поднесовме амандманот за 13 август кој што беше нов празник, а ова е еден вековен празник. Повелете господа прифатете го вековниот празник. Ние имаме и други, можеби уште поголеми празници од овој. Токму поради таа причина темата беше на парламентарната група на ДУИ и ПДП за да не навлегуваме во историјата, затоа што до колку навлеземе во историјата тогаш ќе дојдеме до оспорување на една заедница. Сакајќи се себе си и сакајќи се себеси ќе ги сакате другите, меѓутоа ми се чини дека сеуште не се разбудил интелектуалниот дле на оваа држава за да се сакаат себе си. Мислам дека се сакаат себе си оспорувајќи ги другите и мислам дека така грешат многу. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓата пратеник Јагнула Куновска, претпоставувам за реплика, повелете.

**Јагнула Куновска:** Јас ќе се обратам на македонската јавност, и на Албанци и на Македонци, не само на етничките македонци и ќе кажам што дочекавме ние во ова Собрание извитоперено историјата на Балканот да ни ја проповеда, да ни ја чита, му ја  напишал некој па едвај ја чита човек командант Вентили, кој што имаше смелост на над 100.000 луѓе да им ја сопре водата во Куманово повеќе месеци иживувајќи се со нивната несреќа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Садула Дураку, имате право на контра реплика, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам на госпоѓата конечно ме направи командант Вентили. Јас сум бил војник за правата на мојот народ и на другите заедници и јас постојано ќе бидам борец за мојот народ и за другите заедници. Го сакам мојот народ без да ги мразам другите токму со ваков менталитет како што  има госпоѓата, новите генерации во оваа земја ги води во провалија. Јас знам најдобро што значи војна, затоа што навистина бев во војнане го спорам тоа, меѓутоа без да ги мразам другите и никогаш не ми е дојдено ниту на памет да мразам некоја друга заедница, затоа што душата на борецот е душа која што не мрази, туку се сака себе си без да ги игнорира другите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. За збор се јави Хани Тахир, повелете.

**Хани Тахир:** Почитувани колеги пратеници, развиваме расправа ис е залагаме да расправаме, да водиме расправа во однос на понудениот закон од страна на Владата и тоа Закон за празници во Република Македонија. Залагањето или ангажманот на парламентарната група ДУИ-ПДП за да интервенираме амандмански во овој Предлог на закон за празници, значи преку нашите амандмани, а во моментот се говори за амандман кој предвидува да се интервенира во член 1 и тоа воведувајќи 4 празници кои имаат историска вредност за албанците. Со право може да се констатира дека одвреме навреме може и да излеземе од разионалност во ирационалност, од разумното во неразумно и јас би сакал да се надоврзам, а не можам да не го кажам тоа дека во претходниот амандман во врска на празникот 28 ноември-денот на националното знаме се правеше една политичка игра во овој Парламент со

создавањето на кворум од парламентарното мнозинство и тогаш да влезат и да гласа опозицијата која нема таква обврска. Има една изрека меѓу албанците која вели “кога се раѓа некој проблем и нема решение тогаш мудрост нема”. Кога јас забележав дека во овој Парламент може да се гласа и без кворум, овој Парламент нема свест за таа работа тогаш каде е разумот, каде е разионалноста и каде е нашата совест како избрани пратеници и без наша висока свест на одговорност.

Навистина по тој акт јас самиот себе си не можам да се убедам и не можам да се освестам дека во овој Парламент може да има разионална постапка, рационални судови и интелектуална ефикасност. Ќе се заложам да нагласам зошто ние се трудиме да употребиме наши механизми, законски механизми кои ни ги нуди Деловникот за работа на Парламентот нагласувајки дека ние интервенираме со наши амандмани. Со тоа предлагачот да зрачи дека со овој закон нешто не е во ред. Ние предложивме 4 празници со нашиот амандман - 7 март ден на албанските просветители кој е идентичен ден со 24 мај ден на Свети Кирил и Методиј, ден на есловенскит епросветители. Сигурно дек ан а24 мај не се протега само во границите на деншна Македонија. Овој празник за македонското население се протега и надвор од македонските граници.

Друг ден кој сме го предложиле со нашиот амандман е 10 јуни -ден на Призренската лига. Мојот колега претходно елаборираше во однос на раѓањето на Призренската лига, на албанските сили кои се справуваа и ја бранеа нацијата во тогашно време. Прикрајот на 19 век имавме еден простор во кој простор Отоманската империја владееше и во овој простор беше целио тБалкан и во ова време ја имавме борбата на српскиот, бугарскиот народ, албанскиот но и на македонскиот. Од овој временски период датира и 23 октомври - ден на макеоднската револуционерна борба. Претходната госпоѓа имаше една остра реакција, искажа еден револт затоа што ние кажавме еден наш национален празник кој задолжително опфаќа мнгу албански подрачја. Балканот е еден простор испреплетен со испреплетени интереси на народите кои живеат на ова поднебје. Овие интереси се чувствуваат во многу кругови и овде во Македонија кои имаат карта на голема Македонија, има албанци кои имаат карта на голема Албанија, има срби кои имаат карта на голема Србија и т.н. и т.н. Но, ние сме во една реалност и ние албанците од Македонија сме прифатиле една реалност дека ги признаваме постојните граници на државата Македонија и признавањето на овие граници треба да биде основа за изградбата на нашите односи, но истовремено треба да биде и основа на почитување на историските датуми од нашите народи бидејќи секако до колку поминеме во минатото во периодите кога се идентификуваше на балканските граници тогаш секако дека има преплетени интереси и меѓу народите. Овие преплетувања на интересите на народите на еден начин се балансирани во минатото и денес сме тука каде што сме. Треба да го имаме во предвид тоа дека од 11-те понудени празници со Законот за празници немаме ниту еден празник кој го идентификува албанскиот идентитет во однос на државотворноста на Република Македонија.

Според мојот концепт, според мојата убеденост во овој закон за празници и посебно во членот 1 треба да се воведе еден празник од албанската заедница кој ќе може да се идентификува со својата државотворност. Се залагам и во минатото сум се залагал да нагласам кои датуми можат да го опфатат албанскиот идентитет. Не гледам ниту еден татум во овој Предлог кој ќе може да го воведе и идентитетот на албанците во однос на државотворноста во Република Македонија. Навистина се заложивме со еден историски датум каде албанците можат да е идентификуваат со тој датум, а тоа беше 13 август. Доколку 13 август не беше прифатлив за парламентарното мнозинство, чии потписници се и политичките релевантни сили во Македонија тогаш се поставува прашањето зошто се спорат другите датуми, така што во овие поднесени алтернативи во нашата парламентарна група ДУИ-ПДП не наоѓаме потребна оправданост за нивно отфрлање. Времето ќе покаже и ќе докаже дека одлучноста на ова парламентарна група за да имаме датум од членот 1 од законот за празници дали беше на место или не. Значи оваа наша одлучност, судот кој ќе го надвладее времето ќе биде најправилниот суд и најначелен суд. Призренската лига. Треба да ни биде јасно дека Призренската лига се роди во временскиот период кога го имаме Санстефанскиот договор и Берлинскиот конгрес во временскиот рок ког аголемите сили ги определуваа границите. Во еден временски период кога Рускио-Турската војна имаше свој исход каков што беше во едно време кога Отоманската империја ја губеше својата моќ, го губеше влијанието и народите кои беа под Отоманската империја се залагаа да се идентификуваат себе си со нивна организација, административна до независни држави. Во овој временски период има свој зародиш и македонското револуционерно движење ВМРО. Доколку ги видиме идеите на ВМРО секако тие опфаќаат и албански територии до таа мерка што и во 2001 година од МАНУ се јави идеата на размена на територија. Оваа размена на територии ја опфаќаа и албанската држава и Република Македонија. Но, оваа состојба се надмина. Секако Призренската лига треба да се гледа во контекст на временскиот период од 1878 година во период кога Берлинскиот конгрес ги определуваше границите на народите. Секако дека албанците во овој времснки период како и другите народи се бореа да се најдат себе си и да ги штитат нивните интереси во рамките на тој времснки период. Призренската лига се почитува од сите албанци. Тоа е еден значаен историски датум за албанците. Тоа е еден државотворен албански идентитет. Еден временски период за кој имавме многу историски личности и борци од

тоа време. Секако во овој временски период се родија и автономните држави. Во ова време се роди и албанската држава. Се роди и независна Албанија од 1912 година. Но, Призренската лига е повеќе од што е независната држава на Албанија. Призренската лига е еден историски ден, еден историски датум кој ги дефинира идеите и военото организирање и политичкото организирање на албанците во тоа време отпорот и крвопролевањето на народите за да се заштитат самите себе си, за да создадат една административна организација до независнсот од причина што во временскиот период од 1878 година, тогаш кога големите сили го одржуваа Конгресот тогаш се определуваа и судбините на народите од Балканот.

Секако во овој амандман е опфатен и 12 август, Денот на ослободувањето на Скопје, еден ден кој се надоврзува приближно или од временскиот период од Призренската лига. Се разбира дека политичките претставници на Призренската лига на Високата порта и поставија неколку барања опфатени во 14 точки и тоа на 9 август 1912 година со кое тие бараа Албанците на Балканот да имаат нивна административна афтономна организација и во оваа организација да ги опфатат албанските територии. Високата порта не реагираше во однос на тоа барање на Албанците во тоа време и како резултат на тоа, албанските борци, меѓу нив беше Иса Болетини, Бајрам Цури, Асан Приштина и многу други борци интервенираа во Скопје и го ослободија Скопје на 11 август 1912 година. На тој начин Скопје се здобива со еден историски датум кој укажува дека Албанците на 11 август 1912 година успеаа да го ослободат Скопје. Земајќи предвид дека Отоманската империја беше еден заеднички владетел за сите народи од ова поднебје, верувам дека со оваа дата се нема никакви претензии и не била борба против другите народи туку само како борба против Отоманската империја. Како таква оваа дата треба да се почитува од сите. Ние во дебатата, во однос на 23 ноември, Ден на Македонската борба, не сакавме да го оспориме овој ден и да не го прифатиме како историска дата за Македонскиот народ затоа што тоа е нивно право, тоа е ваше право, да се гордеете со тие историски датуми, да се гордеете со вашите револуционери, да се гордеете со личностите кои за идеал ја имаа изградбата на нивната држава и заштитата на интересот на својот народ. Но, контрадикторноста е во тоа што, доколку ние не оспоруваме, не негираме и не се револтираме, зошто се јавува чувството на антагонизми кога ние говориме за една историска дата на Албанците.

Почитувани пратеници, нашата заложба ќе оди до таа мера што ние ќе можеме да ја оствариме. На крајот на краиштата тоа се правилата на игра, тоа се тактиките на играта и со време ќе видиме и ќе оцениме дали сме имале право или не. Друга историска дата понудена преку овој амандман е 22 ноември, ден на албанската азбука. Оваа историска дата наоѓа свое место во празниците кои се слават во Република Македонија. Но, во членот 2 од овој закон кој член исто така има градација во прв и втор степен и оваа дата е во последната категорија од законот, како празник кој се слави од страна на Албанците. Албанците се опфатени во законот за празниците со еден празник од образовен карактер а кој има и национални карактеристики, но не е опфатен во членот кој ги има државотворните карактеристики. Заложбата е во правец на тоа што ние мислиме и времето покажа дека во војната од 2001 година, појдовна точка беше односно поаѓаше од фактот дали Албанците се државотворен или не се државотворен елемент, затоа што доколку еден народ не е државотворен, тој се лиши од сите права кои произлегуваат од одлучувањето на државотворноста на една земја. Се додека со Охридскиот рамковен договор и со критичниот период од 2001 година, Албанците докажаа и ја убедивме другата заедница која живее на овој простор и Меѓународната заедница и фактор дека Албанците се значаен елемент во однос на државотворноста на оваа земја. Тоа, по квалитет, по одговорност е еден од клучните носители на развојот и приближувањето на Република Македонија кон структурите на Европската Унија и НАТО. Ќе поставам едно прашање.

Од сите овие понудени алтернативи, парламентарното мнозинство и предлагачот не гледа попатно на ниту еден начин да зрачи и да го реши овој проблем. Секако ние не би го имале овој простор на расправа, не би дебатирале за овие историски датуми, не би имале толку одлучна заложба да се вградиме во овој закон, ако овој закон одеше во две фази и политичката битка, или битката со аргументи и битката на разни експерти ќе се одвиваше во првата фаза на овој закон. Така ние ќе ја дадевме можноста заедно да расправаме а разни форуми, на разни тркалезни маси и ќе дојдевме до еден компромис кој празник и со која историска дата Албанците ќе биеа државотворен елелемент во земјава. Но, тоа не се случи. Барењето, но и најавата од ваша страна беше дека ние ќе расправаме до моментот кога Владата ќе даде одговор дали овој закон ќе оди во две фази или не. Епилогот е дека овој закон не оди во две фази и сега сме на амандманска расправа. Доколку се создаде една ваква клима, доколку се создаде еден ваков амбиент, за што ние немаме еден амбиент на взаемно почитување, еден амбиент на почтивуање на нашата мината историја, значи од момент во момент имало и контрадикторности, преплетување или спротивставување на интереси и амбиции во однос на формирањето на државата, тогаш каде сето тоа не води. Мислам дека парламентарното мнозинство треба добро да размисли во однос на развојот на земјата затоа што една држава има перспектива и стабилност тогаш кога создава една хармонична средина и кога се почитуваат сите заедници во земјата и истата да ја ориентираме кон економскиот, културниот и политичкиот развој и наше приближување кон европските стандарди.

Не верувам дека овие контрадикторности околу овој закон, овие противречности имаат енсенционално значење во многу сегменти од општественото живеење, освен чувството дали взаемно се почитуваме или не. Независно од тоа дали Владата или парламентарното мнозинство кажува дали еден  еден историски датум ќе биде во членот 1,или не  ние Албанците нашите празници ќе ги празнуваме, но ќе изразиме констатиција дека парламентарното мнозинство не сака ние да се идентификуваме со државотворноста на оваа земја, преку законот.

Нема дилеми дека Албанците во Република Македонија, со Охридскиот рамковен договор му ставија крај на конфликтот во 2001 година, или успеавме да најдиме едно компромисно решение, со убеденост дека овој Рамквен договор е основа за да создадеме една взаемна волја, едно взаемно почитување и со заенички сили да одиме напред. Со овој закон за празници, независно што не прави значаен пресфрт во земјата, туку и дава еден значаен елемент на земјата, значи враќање назад. Одлучноста за да не се почитува може да биде или од инаетот да не се прифати ниту еден предлог од страна на опозицијата, или од фобијата да има еден историски датум на Албанците, во членот 1. Треба да се определиме дали постои првиот став или вториот став, инаку други аргументи нема зошто не ги прифаќате овие наши предлози.

Сакам да завршам со констатацијата дека парламентарното мнозинство и предлагачот на овој закон во однос на нашите барања, во овој момент треба да му направат тоа што е можно да се направи од понудените алтернативи и да ги воведат и Албанците во државотворниот елемент од член 1 на овојј закон. Ние сме дале низа историски датуми, ние образложивме низа историски датуми, од еден до друг лимит и доколку не се почитува ниту еден наш предложен датум, или ако не се земе предвид ниту еден наш предложен датум, тогаш ќе констатирам дека стојат двете констатации поранешни, или се работи за фобија за да имаме историски датум на албанската државотворност, во членот 1, или постои одлучност на опозицијата да одбие се што се предлага од страна на албанската опозиција, независно што овие предлози се разумни, оправдани, или не се оправдани.Сакам да кажам уште една констатација. Не ви служи на чест да се гласаат амандманите без присутно мнозинство во овој Парламент. Не ви служи на чест, ние како избрани од народот и претставници на народот, први да го прекршиме тоа што се вика функционирање на правна држава. Свеста треба да биде чиста пред самата личност и пред ова Собрание како највисок законодавен орган и пред целата јавност. Треба да ни биде јасно и тоа дека ние овде во Парламентот може да имаме противречности, ние како пратнеици може да имаме наши грешки,може да имаме негативен пристап за икс проблеми, но тоа не ни дава за право да создадеме такви механизми Собранието да носи нелигитмни одлуки. Затоа што, доколку не се почитува Деловникот, одлуките се ништавни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине Георгиевски.

Мислам дека денеска се случи нешто позитивно, личи по малку на Американскиот сенат, затоа што кога во Американскиот сенат дебатира еден пратеник, јас сум бил присутен како публика, затоа што има отворени денови да се види како функционира Сенатот, немаше никој од колегите на Сенаторот кој говореше, меѓутоа тоа беше едно напредување што тука може да се толкува поинаку. Мислам дека напредуваме во смисла на, сега веќе и натие што не им е јасно, веќе им е јасно дека, јас не знам како размислува ВМРО-ДПМНЕ  да го развива дијалогот.

Господине Георгиевски може да ми дадете забелешка, според Деловникот, меѓутоа намерата кон вас ми е добра затоа што во моментот кога вашите заменици не знаеја како да обезбедат потребен кворум за гласање на амандманот, дојдовте вие како спасител  и од не познавање на математиката, или од некој друг мотив, накратко рековте дека има мнозинство, или пак над 61 пратеник, да се гласа амандманот. Мислам дека погрешивте.

**Љубиша Георгиевски:**  Протестирам против изнесувањето на вакви ординантни лаги, аритметички лаги. Службите два пати ги прашав и два пати потврдија дека има кворум.

**Агрон Буџаку:**  Грешите господине Георгиевски затоа што јас добронамерно ви укажав, бидејќи прекршувајќи го Деловникот, жерва ќе бидете вие.

**Љубиша Георгиевски:** Дигресија. Не баравте процедурално. Баравте збор.

**Агрон Буџаку:**  Имав предвид, меѓутоа, за вас сакав да кажам дека вие ќе бидете жртва. Но, бидејќи сте ја прифатиле таа улога, во ред.

Амандманот за кој говориме е во однос на една категорија, како што е категоризирано во Предлог законот, значи категорија на денови кои се празнуваат и се неработни денови за Албанците, или пак за граѓаните на Република Македонија кои припаѓаат на албанската заедница.По моето надоврзување на претходните дискусии, одвојувајќи ја госпоѓа Куновска која од нејзината омраза и шовенизам, не може ниту да ги слуша дискусиите. Мислам дека тука се работи за една категорија на празници кои се празници на Албанската заедница.

Што се однесува до овој амандман, ние говориме за Албанската заедбуца која во преамбулата на Уставот е дефинирана како одвоен дел на Албанскиот народ, така што тие празници и симболи што ги има Албанскио народ, секаде во светот каде што живеат, по автоматизам и со преамбулата која се измени во 2001 година , се празници и на Албанците овде во Македонија и не гледам ништо спорно во овој Предлог амандман, така како што ние не оспорувавме, покрај

аспектот на објаснување што јас го побарав за 23 октомври. Значи тоа е ден на почеток на Македонската револуционерна борба, или дена на ВМРО, бидејќи од дебатата и на почитувата госпоѓа Поповска беше оспоруван денот на Призренската лига што е 10 јуни, аргументирајќи кои биле целите на истата. Мислам дека во историски контекст и од дегатите кои до сега се одвиваа, говорите на претходните говорници на парламентарната група на која јас и припаѓам, беше разјаснето дека во тие историски моменти се говореше за преживувањето на една нација или еден народ и начините кои се бараат за преживување, така како што и ние почитуваме.

Значи се бараат начини на преживување на цел македонски народ кој со почетната идеологија се имало намера да се обедини цела Македонија, имајќи ги предвид не и менувањата на географските поими на Македонија. Тоа е Вардарска, Пиринска и Егејска Македонија. Така што ако 23 октомври се предлага како државен празник, пораката на пределогот ќе биде, доколку е тоа ден на ВМРО многу полоша прака на Македонија кон соседите отколку пораката на празнување на денот на Призренската лига кој припаѓа на Албанците во Македонија.

Другиот момент кој се надоврзува со целиот создаден амбиент и погрешната политика на ова Влада е тоа што беше нагласено неколку пати зошто во овој момент се донесува овој закон и зошто се настојува на секој начин да не се прифатат предлозите на парламентарната група ДУИ и ПДП.

Кога имаме еден предлог во однос на 7 март, денот на албанското образование или пак на албанситe просветители, јас нема да се повторам со тоа што беше кажано елаборирајќи го овој свет ден така како што се образложи и за 12 август ден на ослободувањето на Скопје и за 22 ноември како ден на албанскtата азбука. Јас мислам дека тука не може да има нешто толку спорно, така што ќе нагласам уште еднаш, со дифиницијата односно дефинирањето во преамбулата и со неприфаќањето на 13 август, да не сака некој сега можеби да толкува на поинаков начин затоа што нашите определби се познати и не се менуваат со тоа дали сме на власт или не и дали имаме или немаме мнозинство, ниту пак со поминувањето на годините. Значи, аритметиката е нешто друго, господине Георгиевски, меѓутоа зрелоста, политичката зрелост и државниците се ретки оние кои имаат визија за тоа што прават со оваа Македонија, нешто што е многу значајно затоа што вие сте одлучиле да го донесете овој закон во овој момент.

Многу е значајно што, можеби ќе се повторам, меѓутоа, некои работи не ги сфаќате затоа што не сакате. Значи, да се покаже и етничката кохезија на сите граѓани кои би прифатиле како што и порано прифатиле да празнуваат празници на една заедница затоа што живееме заедно, меѓутоа и другата заедница треба да биде подготвена да ги прифати и да ги одбележува и некои да ги празнува заедно тука во Македонија затоа што, јас мислам дека нема време за губење. Нашите пораки кои погрешно се толкуваат од ваша страна, меѓутоа кои остануваат запишани во стенографските белешки, така што без оглед дали некој слуша или не, овие пораки ги добива и меѓународната заедница. Јас мислам вака како што сте почнале, со неприфаќање на празниците што е симболизам, би рекол, не се работи за тоа, затоа што имаше и други критики во однос на социјалниот аспект и други аспекти во однос на празниците. Меѓутоа, симболиката на празниците е многу значајна затоа што тоа што се кажува тука, сакале вие или не, тоа е нашиот глас и без одглед дали слушате, не можете, не сакате, не може да поднесе да слуша госпоѓа Куноска, овие зборови кои се кажуваат тука остануваат и ќе остане тоа тука дека ние предлагаме амандман за празници на албаската заедница, а парламентарното мнозинство не е подготвено ниту да ги ислуша, ниту да ги разгледа нашите предлози, што во конкретниот случај и конкретната ситуација, во која се наоѓа Македонија е многу лошо за позицијата односно за парламентарното мнозинство затоа што ние покажавме конструктивност, аргументирана конструктивноста во однос на нашите забелешки што ги имавме во однос на многу членови и на овој закон, меѓутоа и на други закони, може тоа да се види од стенографските белешки. Меѓутоа пораката, почитуван господине Георгиевски, не знам дали сте свесни, вие ја испраќате негативната порака, а не ние и не може со никаква демагогија да се измами меѓународната заедница за тоа кој е виновник во овој случај. Јас мислам дека да празнуваш, или пак албанската заедница во Македонија да го празнува денот на албанските просветители, на Призренската лига на ослободувањето на Скопје и на албанската азбука, само ќе ја зајакне државата и состојбата на припадност и лојалност, затоа што без чувство на припадност и лојалност, затоа што не бевте подготвени да го прифатите денот на Охридскиот рамковен договор кој е најсилниот темел на Македонија. Јас мислам дека со ваквите одбивања само ја слабееете вашата позиција како партија, ја ослабувате и позицијата на Република Македонија. Јас на ниту еден начин не сакам да должам и да не го толкувате тоа како што го толкувате тоа како деструктивно наше дејствување. Меѓутоа, почитувани господа, одговорноста е ваша. Тоа треба да ви го кажеме и постојано ќе повторуваме, додека сфатите, или не знам какво сценарио можете да подготвите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Алити, имате збор.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

За жал ние ќе треба да се повториме со нашите излагања, бидејќи ова мнозинство немаше ниту чувство ниту уво да не слушне ниту да го намириса тоа што е добро за оваа земја. Затоа, јас ќе почнам од амандманите кои како парламентарна група ги поднесовме и се разбира како коалиција со ПДП.

Со самото тоа што ги поднесовме овие амандмани мнозинството требаше да размисли дека со отварањето на овој Закон за празниците во Собранието, дали ќе ги решат проблемите или ќе создадат нови проблеми. Така што за жал, можам да констатирам дека го има избрано вториот пат на создавање нови проблеми во нашата земја. Тоа го велам од причина што не се прифати 13 август што го предложивме со наш амандман. Не се прифати затоа што ова мнозинство го нема тоа политичко чувство да изгради мостови за зближување на народите, овде во Република Македонија, да понуди мостови на соживот туку напротив нуди нешто што не одалечува или не поделува.

Исто така го понудивме и вториот амандман или 28 ноември кој на широко се елабораше од наша страна во однос на историјата на овој датум за нашето национално знаме. Но, јасно се гледа дека и за ова мнозинството нема чувство иако албанските пратеници, сите, независно на кој политички субјект му припаѓаме или тие кои се независни,такво нешто подржуваат. До колку и ова не е една порака до политичкиот кампус на македонските пратеници, тогаш повторно ќе кажам дека се остава голем простор да се размислува зошто овие работи ние случуваат на овој начин, и се разбира ќе дојдам до амандманот кој е на дневен ред.

Еден пратеник од ДУИ, или поточно господинот Џеват Адеми нашироко ја елабораше тежината што ја имаат овие значајни датуми, посебно за нас Албанците, но зошто не и за другите кои живеат во Република Македонија.

Да не се прифати еден датум како што е 7 март да биде неработен ден за албанската заедница, ова може да се случи само кај нас. Во други мултиетнички држави тоа не може да се случи. Велам може да се случи кај нас затоа што јасно се гледа дека политичката сцена или политичарите во Република Македонија, не дека се оптоварени туку се премногу оптоварени и токму поради тоа не знаат да носат одлуки со ладни глави, од какво значење е еден датум од минатото за еден нивни сосед, или за една етничка заедница која живее заедно со другите етнички заедници овде во Република Македонија.

Доколку се повторам со другите пратеници од ДУИ, сигурно не би било добро, но ќе кажам дека многу личности од минатото, токму поради овој ден, значи албанските ученици да се образуваат на нивни мајчин јазик, се стрелани. Сигурно дека и другите народи, независно кој на кој народ или заедница му припаѓа, една ваква цена платиле и тие, не само овде на Балканот туку и пошироко. Историјата се знае. Но, кај другите се случува, заправо тие знаат взаемно да се почитуваат, да го почитуваат нивното заедничко минато за да се изгради една подобра иднина.

Повторно ќе кажам дека овде во нашава земја, нешто вакво не се случува. Не се случува со самиот факт што ние како Албанци предложивме со нашите празници да се идентификуваме, но тоа не се прифати.

Исто така предложивме и 19 јуни или денот на Призренската лига да биде еден свет ден, како што беше Лешката лига, еден значаен ден за нас Албанците од причина што во текот на нашата историја не се само овие датуми, туку овие два датуми се со едно посебно историско значење. Велам не се само овие два датуми, бидејќи сме имале многу востанија, многу други настани во минатото, движења или лиги, но овие два датуми имаат посебно значење за нас Албанците, посебно за нас во Република Македонија, затоа што сме биле дел од овие два настани кои се случиле во минатото.

Во Призренската лига, тие што имале можност да прочитаат, да ги прочитаат документите од Призренската лига во Истанбулската архива или документите од Призренската лига во Лондонската архива каде има и пишани книги и трудови кои во времето на комунизмот исчезнаа затоа што се знаеше дека таа идеологија не се сакаше ние како албанска етничка заедница да го знаеме нашето минато. Велам, во комунизмот исчезнаа, но многу од нас тоа што сме можеле да го задржиме за себе, се сокрило и тие документи, ако не се во нашите лични архиви, се во метрополити на овие две држави или на поранешни веле сили во светот.

Зошто има посебно значење, посебно Призренската лига за нас Албанците? Тоа е од причина што Призренската лига имаше три основни барања и тоа:

а). Признавањето на Албанската нација како една неделива целина што треба да се каже и се побара ова барање во целост да се почитува од големите сили кои беа собрани во текот на одржувањето на Берлинскиот конгрес.

б). Сочувувањето на неприкосновеноста и територијалната неделивост на албанските подрачја, исто така беше многу значајно прашање, а работите не се развиваа така како што беше побарано, за жал и се побара сите етнички албански подрачја да се обединат затоа што во текот на Отоманската империја беа поделени по вилаети. Поради тоа се побара сите овие вилаети или албаски подрачја да се обединат во една држава. Велам, настаните не течеа вака затоа што големите сили во тоа време на Берлинскиот конгрес и настаните кои се одвиваа на Балканот не одеа во оваа насока. Затоа Албанците беа принудени да ја формираат Призренската лига и да формираат воени единици кои понатаму им се спротивставија на сите тие кои сакаа да ги окупираат или да ги распарчат албанските етнички подрачја населени со албански етнички заедници.

Бидејќи Албанците и од овие настани излегоа разочарани, иако во тоа време имаа подршка од прогресивните европски сили и на Балканот да имаме организирани држави со еден европски дух, имаа покренато и соседните народи околу нас, но еве за жал, политиката, велам е

најтешката работа или работа на ѓаволот, се предадоа Албанците токму од нивните сојузници кои беа во нивно соседство, бидејќи сите народи околу Албанија покажаа апетити да земат дел од тогашна Албанија. Не случајно се формира војската која војуваше на неколку фронта овде на ова подрачје и против војските на соседните држави. Го велам ова од причина што овде, покрај другото е и празникот кој сме го предложиле со овој амандман за ослободувањето на градот Скопје, се разбира од тие големи формации од Призренската лига, предводени од Хасан Приштина, Бајрам Цури и други. За овој настан се кажа општо од претходните говорници, но тоа што сакам да го кажам е дека таа Албанска војска која влезе во Скопје, не дека беше добро организирана, туку историчарите, било од земјата, а и странските историчари пишуваат дека ниту на еден жител од Скопје, независно од нивната верска и национална припадност не им недостасуваше ништо. Значи дека таа војска знаеше да ги почитува сите конвенции на војната. Во тоа време албанските сили кои сакаат да појдат и кон градовите населени со Албанци за да ги ослободат и другит градови, под притисок на големите сили, како што беше Австрија и други сили, се принудија да излезат од градот Скопје, затоа што од големите сили се побара една таква одлука да ја почитуваат.

Се поставува прашањето, зошто ние го поднесовме овој амандман и зошто ние бараме тој ден да биде празничен неработен ден. До коклку другите нема да го празнуваат тој ден, немаме против, но велам најмалку на Албанците во Република Македонија или на Албанците од Скопје ќе им се овозможи да се потсетат на нивното минато. Не случајно ние велиме, не зависно дали ова мнозинство ќе има чувство или ќе нема чувство да прифати некој наш амандман, ние по се изгледа овие празници ќе ги празнуваме така како што сме ги празнувале и славеле во текот на изминатите 500 години, или во текот на минатите 100 години. Затоа, велам, би било добро парламентарното мнозинство да зрачи позитивно, посебно кога се говори за наши национални празници кои ние и така ги празнуваме и сме ги празнувале.

Доколку ми помина времето можам да прекинам со своето излагање и да продолжам утре.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека ќе продолжиме следниот пат кога оваа седница ќе биде на дневен ред.

Денес прекинуваме со работа.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со 26-та седница.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)